**Благодарение на програмата за предекспозициска профилакса (ПрЕП) во периодот 2021-2025 г. беа дијагностицирани и лекувани 28 случаи на сифилис. Раното откривање и лекување на сексуално преносливите инфекции спречува нивно пренесување и е клучно за елиминација на овие инфекции, во согласност со поставените цели на Светската здравствена организација за Европскиот регион.**

За жал, опфатот на лица од клучните засегнати популации со мерки за превенција значително опаѓа во последните неколку години. Ако во 2019 со превенција биле опфатени 11.028 лица од клучните популации засегнати од ХИВ, во 2024 опфатот изнесувал 7.453, односно намалување за една третина. Сосема очекувано, постои корелација меѓу намалувањето на опфатот и намалувањето на инвестициите во превенцијата.

Табела 1. Преглед на вкупниот број опфатени лица со активностите за превенција во споредба со нивото на финансирање на ХИВ-превенцијата, 2019-2024

| Година | Вкупен број лица од клучните популации опфатени со услугите за превенција | Предвидени средства за ХИВ-превенција меѓу клучните популации, во денари |
|---|---|---|
| 2019 | 11.028 | 49,100,000.00 |
| 2020 | 9.768 | 46,720,000.00 |
| 2021 | 9.974 | 46,720,000.00 |
| 2022 | 9.332 | 31,040,000.00 |
| 2023 | 7.771 | 20,469,000.00 |
| 2024 | 7.453 | 20,080,000.00 |

Драстично опаднал и бројот на тестирања насочени кон пронаоѓање на недијагностицирани случаи на ХИВ во клучните засегнати групи. Ако во 2019 г. биле направени 2468 тестирања меѓу лица изложени на поголем ризик, во 2024 г. тој број изнесувал само 933.

Наспроти тоа, токму програмите за тестирање насочени кон клучните популации под ризик од ХИВ, даваат најголеми резултати во откривањето на лицата инфицирани со ХИВ коишто не се свесни за тоа и помагаат тие брзо да бидат поврзани со системот на здравствена заштита. Така, програмите насочени кон популацијата на мажи што имаат секс со мажи во текот на 2024 г. помогнале да се дијагностицираат 8 лица со ХИВ со спроведени само 393 тестирања. Тоа претставува процент на позитивитет од 2%, кој е околу 28 пати повисок од процентот на позитивитет на ХИВ-тестирањето во целокупниот јавен и приватен здрвствен сектор.

График 3. Процент на позитивитет при ХИВ-тестирање во различни сектори во Македонија, 2024 г. (процент на откриени случаи од бројот на направени тестови)




Насочените програми за ХИВ-тестирање се многукратно поефикасни во откривање на лицата со недијагностицирана инфекција.

Овој документ за јавна политика е изработена во рамките на проектот ,,Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи" поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, и годишната работна програма на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ, финансиски поддржана од Европската Унија.

Содржината на овој документ за јавна политика е единствена одговорност на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат, како и на Европската Унија.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија

Издавач: Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ - ЗАЕДНО ПОСИЛНИ"

# Крај на ХИВ до 2030 година:
# напредокот и предизвиците на Северна Македонија



Се проценува дека приближно 3 од 10 лица што живеат со ХИВ во Македонија не се дијагностицирани

Се проценува дека до крајот на 2023 г. во Северна Македонија живееле вкупно 620 (95% CI 577 – 682) лица со ХИВ. Притоа, само 71,4 % од нив биле дијагностицирани. Со други зборови, 3 од 10 лица што живеат со Македонија не се свесни дека ја имаат инфекцијата. Овие проценки се направени во соработка меѓу Институтот за јавно здравје и надворешни експерти, користејќи ја специјалната алатка за математичко моделирање на Европскиот центар за превенција и контрола на болестите.

Земјата сè уште заостанува значително зад напредокот на глобално ниво, каде што процентот на дијагностицирани изнесувал 86 % на крајот на истата 2023 г. (односно 87 % на крајот на 2024 г.). Во последните 5 години (2020-2024) во Македонија се дијагностицирале во просек 44 случаи годишно, при што се забележува пораст во последните 2 години. За да го намали бројот на недијагностицирани лица – од каде што и се генерираат нови инфекции – неопходно е значително да се зголеми бројот на нови дијагнози во што е можно пократок период. Намалувањето на бројот на лица што не се свесни дека имаат ХИВ, ќе резултира со драстичен пад во бројот на новонастанати инфекции, бидејќи вирусот не може да се пренесе преку сексуален однос кога лицата со ХИВ примаат редовна терапија.

Во апсолутни бројки, проценките укажуваат дека во Северна Македонија има меѓу 100 и 250 недијагностицирани лица со ХИВ.

График 1. Процент на дијагностицирани од вкупниот проценет број на лица со ХИВ во С. Македонија и во светот, 2023 г.




Во согласност со тоа, клучни интервенции во националниот одговор кон ХИВ се ХИВ-тестирањето и насочените програми што ќе досегнат до лицата во ризик, а особено оние што не се свесни за својата инфекција.

Глобалната цел на ниво на Обединетите нации е до 2025 година:

- 95% од проценетиот вкупен број на лица што живеат со ХИВ да бидат дијагностицирани;
- 95% од дијагностицираните лица со ХИВ да примаат терапија;
- 95% од лицата на терапија да имаат целосна супресија на вирусот.

Постигнувањето на овие цели е предуслов за да може да се стави крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.

Наспроти предизвикот со недоволното дијагностицирање, С. Македонија покажува успешност во другите стадиуми на справување со епидемијата, односно во поставувањето на пациентите на терапија и во одржувањето на висок процент на успешност на лекувањето.

Така, на крајот на 2023 г. 90,2 % од дијагностицираните лица примале антиретровирусна терапија, која е достапна за сите лица кај коишто се открива ХИВ-инфекцијата, а дури 95,1 % од оние што примаат терапија имале целосно потиснат вирус во крвта. Потиснувањето на вирусот овозможува нормално функционирање на лицата со ХИВ, но истовремено и го прави невозможно неговото пренесување.

График 2. Напредок кон целите 95-95-95 во С. Македонија и во светот, 2023 г. (95% дијагностицирани; 95% на терапија; 95% вирусна супресија)




Сепак, поради тоа што недоволен број лица со ХИВ во Македонија се дијагностицирани, бројот на лица што имале целосно потиснат вирус во крвта на крајот 2023 г. (384) изнесува само 62 % од проценетиот вкупен број на лица што живеат со ХИВ или за десет процентни поени помалку од постигнувањето на светско ниво за истата година (72%). Глобалната цел е до крајот на 2025 г. 86 % од вкупниот број лица што живеат со ХИВ да имаат целосно потиснат вирус во крвта. Математичките модели укажуваат дека светот ќе може да стави крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година, само доколку ја постигне оваа цел.

## Досегашни успеси на превентивните програми во Северна Македонија

Мерки за превенција на ХИВ со фокус на клучни засегнати популации во Македонија се спроведуваат почнувајќи од средината на деведесеттите, додека од 2005 г. тие се дел од Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција што ја носи Владата, а ја спроведува Министерството за здравство во партнерство со јавни здравствени установи и граѓански организации.

Најважните придобивки од мерките за превенција досега се:

- Одржано ниско ниво на ХИВ-епидемија и одржана релативна контрола на ниво на земјата;
- Спречена епидемија и одржана контрола на ХИВ меѓу лица што инјектираат дрога;
- Контрола на епидемијата кај жени сексуални работнички.

## Дополнителни придобивки од програмите за превенција на ХИВ меѓу клучни популации

» Единствени јавноздравствени мерки за контрола на сифилис и на други сексуално преносливи инфекции: овозможуваат лесно дијагностицирање и лекување, со што се превенира ширење на сексуално преносливите инфекции;

» Овозможуваат пристап до тешко достапни популации и увид во епидемиолошките трендови на ХИВ, како и на други крвно и сексуално преносливи инфекции: хепатит Б и Ц, сифилис, гонореа и хламидија – коишто инаку лесно би останале невидливи.